М-р Борко Станоевски,

гувернер на Народната банка на Република Македонија
од 1986 до 1997 година

## Сеќавања по повод дваесетгодишнината од првите македонски пари

### I.

Овој текст за првпат беше публикуван пред 10 години, по повод десетгодишнината од првите македонски пари - денарите, во публикацијата на Народната банка на Република Македонија, насловена како „Создавањето на македонскиот денар - видувања и сеќавања" издадена во Скопје 2002 година. Поминаа уште десет години и сега на 26 април 2012 година, уште погорди ќе ја славиме дваесетгодишнината од првите македонски пари - денарот. Тоа е добар повод повторно да се потсетиме на настаните во времето кога се создаваа условите за почетокот на историјата на македонските пари - денарите, коишто пркосејќи им на сите предизвици, во изминатите 20 години, во основа останаа стабилно платежно средство во Републиката. Од друга страна во написот опишувам настани и факти поврзани со процесот на создавањето на денарот коишто не се обработени во редовните извештаи на Народната банка на Република Македонија, според тоа не се архивирани и како такви, можат да останат непознати за пошироката јавност и незапаметени. Понатаму, чувствувам потреба да исправам некои грешки направени во текстот од пред 10 години во цитирањето на некои факти (пред сè датуми) и интерпретацијата на некои настани што настанаа поради краткото време што го имав на располагање, како и да го дополнам текстот со некои значајни настани коишто во првиот текст сум ги пропуштил. Најпосле, се надевам, дека со редактирана и дополнителна обработка на некои од настаните на кои се осврнувам, ќе внесам повеќе светлина во нивното објаснување и ќе се надминат дилемите кај некои автори во однос на тие настани.

### II.

Се одлучив моите сеќавања да ги почнам со цитат од говорот што, по покана на претседателот на Европарламентот, го одржав во преполнетата сала на Европарламентот во Брисел во средината на јуни 1996 година, кога за првпат пред светската јавност ги изнесов спектакуларните резултати постигнати по

монетарното осамостојување на Републиката и пуштањето на првите македонски пари - денарите. Цитирам:

***„Почитувани дами и господа"***

Пред повеќе од еден месец, Македонија славеше еден важен јубилеум - 4 години од прогласувањето на нејзината монетарна самостојност. Во тие четири години постигнати се следните резултати:

* Кога Република Македонија во април 1992 година се одвои од монетарниот систем на тогашна Југославија, месечната стапка на инфлација изнесуваше 86%.

Четири години подоцна, во април 1996 година, остварена е месечна стапка на дефлација од 0,7%. Кумулативно за првите пет месеци од годината стапката на дефлација изнесува 1,5%;

* Во април 1992 година, неофицијалниот курс на денарот беше повисок од официјалниот курс на денарот за околу 70%. Денес имаме единствен и стабилен флексибилен курс на денарот на единствениот девизен пазар.

Мои дами и господа, дозволете ми накратко да ви објаснам како се остварени овие извонредни резултати со кратко информации за:

1. Применетата монетарна политика,
2. Структурата и промените во банкарскиот систем, и
3. Односите со меѓународните финансиски институции.

**1. Монетарна политика**

Својата монетарна самостојност Република Македонија ја оствари на 26 април 1992 година, кога Собранието на Република Македонија ги донесе следните закони:

* Законот за Централната банка на Република Македонија, и

* Законот за паричната единица на Република Македонија

Со првиот закон, Централната банка на Република Македонија беше конституирана како самостојна Централна банка. Со вториот закон, денарот беше воведен како национална парична единица. Со донесувањето на овие два закона Република Македонија дефинитивно се одвои од монетарната политика и

паричната единица на тогашна Југославија. Овие закони создадоа услови за една сопствена, независна монетарна политика.

Кога Република Македонија ја прогласи својата монетарна самостојност дивееше хиперинфлација која во април 1992 година достигна 86% на месечно ниво. За спречување на таа хиперинфлација веднаш почнавме со водење на рестриктивно ориентирана монетарна политика. Како резултат на тоа, месечната стапка на инфлација во периодот мај-декември 1992 година беше намалена на просечно ниво од 12,7%. Во тоа време во остатокот на Југославија, државата од која се одвоивме, хиперинфлацијата десеткратно се зголемуваше со секој изминат месец.

Откако беа видливи првите резултати од сопствената монетарна политика, во Централната банка се одлучивме на реформи во монетарната политика. Целта на тие реформи беше отстранување на инфлаторните инструменти вградени во монетарната политика.

За таа цел, до крајот на 1992 година во Централната банка на Република Македонија беше подготвена програма за реформи во монетарната политика. Во првите месеци на 1993 година, програмата беше прифатена од Владата на Република Македонија, а во текот на мај истата година, имплементирана во соодветни закони. Централна точка на таа програма беше елиминацијата на т.н. селективни кредити. Тие служеа како основен долгогодишен и во принцип, стереотипен и стерилен инструмент за монетарно регулирање. Наместо селективните кредити, централната банка почна со воведување на други пазарно ориентирани инструменти на монетарната политика. Истовремено, тогаш веќе применуваниот инструмент, задолжителна резерва на банките, модифициран, доби сè поголема примена, а есконтната стапка на Централната банка ги доби својата основна функција и задачи. Најпосле, задолжувањето на државата кај Централната банка беше регулирано со закон, и тоа многу рестриктивно.

Последица на реформите во монетарната политика беше воведувањето на дневни и периодични аукции на депозити и хартии од вредност од страна на Централната банка. Тие беа вовед во т.н. операции на отворен пазар, кои добиваа сè поголема улога во регулирањето на ликвидноста на комерцијалните банки.

Паралелно со промените во монетарната политика, истовремено се спроведуваше и програма за реформи во девизниот и стопанскиот систем на државата. Во тој домен, главна ориентација беше изградбата на официјален девизен пазар во државата и воведувањето на флексибилен девизен курс на

денарот. Како резултат на овие промени, наскоро беше уништен т.н. „црн девизен пазар" кој подразбираше диви улични менувачи на ефективни странски пари, „штицување" на девизи и слично."

* Завршен цитат

Во моето понатамошно излагање направив осврт на односите со меѓународните финансиски институции, структурата и напорите за санација на банките во државата и слично.

Следеше дискусија од неколку европратеници, коишто главно искажуваа восхитување за постигнатите резултати и интерес за поконкретни објаснувања за некои делови од моето излагање.

## III.

Воведувањето на денарот во оптек и водењето сопствена монетарна политика, иако во исклучително тешки и несоодветни услови, навистина даде брзи спектакуларни резултати од аспект на справувањето со хиперинфлацијата, одржувањето на стабилноста на денарот и на девизниот курс. Поради тоа, а и поради фактот што Македонија за првпат доби сопствени пари, интересно е да се разјаснат некои од околностите во врска со тоа кога се роди и како созреваше идејата за сопствени македонски пари, во какви услови се роди и се остваруваше таа идеја и, најпосле, како беше извршено нејзиното исполнување. Јас ќе направам осврт на некои битни случувања и настани во кои бев учесник или нивен носител. Се разбира, такви случувања и настани има многу, а јас ќе се осврнам, според мене, на најбитните.

1. Во првата половина од 1990 година, за разлика од претходниот период по објавувањето на реформите и Стабилизационата програма на Сојузната влада на господинот Анте Марковиќ, се јавија првите позабележителни знаци на финансиска недисциплина како во финансиската, така и во монетарната сфера, коишто го најавија неуспехот на таа програма. Во финансиската сфера, недисциплината се состоеше во сè почестите појави на ненамирување на обврските на републиките кон сојузниот буџет, поради што буџетскиот дефицит на Федерацијата сè повеќе се покриваше со примарна емисија или со ненамирување на обврските кон стопанството врз основа на курсните разлики, стимулациите за извоз и слично. Во монетарната сфера, недисциплина постоеше во користењето

на примарната емисија за селективни кредити и кредити за ликвидност на банките. Сето тоа ја подгреваше инфлацијата во државата, којашто имаше постојан тренд на зголемување.

Сепак, последниот удар што во наредната 1991 година практично го растури единствениот финансиски и монетарен систем на Југославија, беше упадот на Србија преку Народната банка на таа република, во монетарниот систем на Југославија.

На 7 јануари 1991 година, Советот на гувернерите на НБЈ одржа вонредна седница на која бевме известени дека на 4 јануари, Сојузниот извршен совет добил „Службен весник на Република Србија - посебно списание број 14 од 28.12.1990 година", во кој се објавени Одлуката за одобрување на кредити за ликвидност на банките и Законот за задолжување на Република Србија кај Народната банка на Србија во вкупен износ од 18,1 милијарда динари, донесени во Собранието на Република Србија од Соборот на здружен труд на седницата одржана на 27 и 28 декември 1990 година. По тој повод, Советот на гувернерите донесе заклучоци да се затвори девизниот пазар и да се стопира натамошното користење на примарна емисија до извршувањето контрола во сите републики. Исто така, во вид на заклучок, беше побарано Народната банка на Србија да ги врати средствата коишто евентуално ги користела врз основа на актите на Собранието на Република Србија. Во убедување дека Народната банка на Србија нема да постапи по тој заклучок и дека тоа е почеток на крајот на единствениот монетарен систем на Југославија, предложив да се донесе Одлука за одобрување на примарна емисија на сите други републики, соодветно на учеството во примарната емисија што го имала секоја република во претходната година, без оглед на можната хиперинфлација и на тој начин, да се неутрализираат ефектите што ги искористила Република Србија со упадот во монетарниот систем на Југославија.

Ваквиот предлог го поддржаа гувернерите на Хрватска, Босна и Херцеговина и Словенија. Меѓутоа, со образложение дека обемот на примарната емисија според Уставот на СФРЈ и Законот за НБЈ го утврдува Собранието на СФРЈ, а не Советот на гувернери, таквиот предлог со 4 гласа за и 5 против, не беше усвоен, а во тоа време работата во Собранието на СФРЈ, каде што можеше да се оствари ваквата идеја, веќе беше наполно блокирана.

За овие настани и за евентуалните последици од нив, на 8 јануари 1991 година го известив Извршниот совет на Република Македонија, истовремено поднесувајќи Предлог на закон со кој Република Македонија би извршила упад во

монетарниот систем на СФРЈ, со износот од 5 милијарди динари, со образложение за евентуалните позитивни и негативни последици од тоа.

Клучната дилема што се наметна околу прашањето да се донесе или да не се донесе таков закон беше како ќе се искористат парите остварени на тој начин. Сосема беше јасно дека тие нема да можат да се претворат во девизи, бидејќи НБЈ веќе го затвори девизниот пазар, а во иднина пристап на тој пазар беше можен само врз основа на позитивен извештај од Секторот за контрола на НБЈ, во кој беа вработени исклучиво граѓани од републиките Србија и Црна Гора. А на Македонија ѝ требаа 150-200 милиони долари годишно, што редовно ги остваруваше од девизните резерви на НБЈ. Затоа Извршниот совет на Република Македонија со поединечно гласање на секој министер, а по претходни обемни консултации со сите експерти од Републиката, одлучи да не го прифати Предлог-законот за упад во монетарниот систем на Југославија, а ја задолжи Народната банка на Република Македонија по легален пат, преку активностите во Советот на гувернерите, да обезбеди соодветно учество во примарната емисија, како и во претходните години и да обезбеди девизи за покривање на платнобилансните потреби на Републиката.[1]

Во таа пригода, претседателот на Извршниот совет кој гласаше за донесување на Законот ме праша: „Има ли посигурен начин за да се обезбедиме од некои идни слични упади во монетарниот систем на Југославија од народните банки на Србија или други републики?". Одговорив: „Има, а тоа е сопствен монетарен систем и сопствени пари".

И прашањето и одговорот останаа без коментар.

Прво, во тоа време сè уште не беше изграден став за политичката иднина на Македонија.

Второ, Извршниот совет беше тело на претходниот, еднопартиски состав на Собранието на Република Македонија и не се чувствуваше компетентен да предлага такви судбоносни (историски мерки).

Затоа, на таа седница на Извршниот совет на Република Македонија не се водеше дискусија во врска со прашањето за монетарното осамостојување и пуштање сопствени пари во оптек и не се донесе никаков заклучок.

---

[1] За извршувањето на овој заклучок повеќе во натамошниот текст.

Меѓутоа, по овие настани, длабоко во себе бев убеден дека времето за сопствена монетарна политика и сопствени пари бргу ќе дојде, сеедно дали тоа ќе биде во услови на лабава федерација, конфедерација или самостојна држава, за што сѐ повеќе се залагаше најзастапената политичка парија во новото повеќепартиско собрание избрано на изборите во есента 1990 година. Затоа, подготовките за сопствен монетарен систем и сопствени пари, покрај извршувањето на заклучокот на Извршниот совет на Република Македонија, по легален пат во Советот на гувернерите на НБЈ да се остварат позитивни ефекти во користењето примарна емисија и купувањето девизи за потребите на македонското стопанство, станаа мојата основна преокупација во текот на 1991 година.

## IV.

Во врска со подготовките за монетарното осамостојување и пуштањето во оптек на сопствени пари, во почетокот на 1991 година, ќе се осврнам на два настана:

1. Пролетта 1991 година, пред една седница на Советот на гувернерите, беше организирана посета на печатницата во Топчидер. Како да се исполнуваше некоја моја тајна желба. Тоа беше мојата втора посета на печатницата, но за разлика од првата посета, сега бев љубопитен за многу работи.

Прво, ми падна в очи обезбедувањето на печатницата. Оградена од сите страни, со ѕид висок 4 метри, и уште две метри над тоа ограда од бодликава жица. Се влегуваше внатре преку една челична порта, што најверојатно ја покренуваа електрични мотори.

За време на посетата којашто се оддолжи повеќе од два часа, техничкиот директор нѐ запозна со технолошкиот процес за производство на една банкнота. Потоа ми се пружи прилика да поразговарам со еден од вработените во печатницата, не знам каква функција имаше, но за моја среќа беше многу зборлив. Тогаш, за првпат разбрав некои работи, иако недоволно јасно, за печатењето книжни пари, како на пример на каква хартија се печатат и од каде ја набавуваат, што е тоа рамна, а што длабока штампа, какви бои се употребуваат и што е нивната функција и слично. Ништо не разбрав само за тоа како се прават водените знаци и некои други детали, коишто подоцна ги совладувавме со стручњаците во печатницата „11 Октомври" во Прилеп. Сѐ што разбрав тој ден за печатењето книжни пари, вечерта го запишав во мојот бележник.

2. Во почетокот на мај 1991 година, пред почетокот на една седница на Советот на гувернерите, бев во посета на директорот на Секторот за монетарно планирање на НБЈ, со кого имав добри пријателски односи. Се договоривме еден работник на Народната банка на Република Македонија да престојува во неговиот сектор, а тој да направи сè за да го воведе во тајните на монетарното планирање. Подоцна, еден од моите најблиски соработници за кого мислев дека е еден од најперспективните во тој домен во Народната банка на Република Македонија престојуваше во тој сектор на НБЈ и кога мислеше дека доволно научил, се врати. Веднаш се договоривме тој да се обиде да направи монетарна проекција на Република Македонија за 1991 година. Се договоривме, таму каде што не можат да се обезбедат реални податоци, да се користат претпоставки. Некаде во јуни 1991 година ја добив првата монетарна проекција направена во Република Македонија. Со голем интерес ја читав еднаш, па уште еднаш, а на некои делови се навраќав повеќепати. Тоа беше школски пример на добра проекција за планирање на монетарна политика и една од првите успешни подготовки за претстојното монетарно осамостојување.

Само неколку месеци подоцна, истиот работник со неколку соработници високо професионално ја подготвија проекцијата за монетарната политика во 1992 година, што во април 1992 година претставуваше основа на стабилизационата програма што ја изготви експертската влада на Република Македонија и основа за монетарната политика во Републиката по монетарното осамостојување од монетарниот систем на тогашна Југославија. Тајната на монетарното планирање, како нужна претпоставка за водење монетарна политика беше дефинитивно совладана.

## V.

При крајот на јуни 1991 година, Република Словенија, а малку подоцна и Република Хрватска, донесоа политички одлуки за отцепување од СФРЈ. Тоа значеше дека наскоро ќе следат и одлуки за нивно монетарно осамостојување и пуштање сопствени пари во оптек и дефинитивно распаѓање на единствениот и заедничкиот монетарен и девизен систем на Југославија. Во Република Македонија, по донесувањето на декларацијата за сувереноста на Републиката и правото на самоопределување (јануари 1991 година) и со изборот на експертската влада, исто така полека созреваше политичката идеја за отцепување на Републиката од СФРЈ. Таквата идеја беше потврдена со референдумот на 8

септември 1991 година, кога народот во Македонија се изјасни за самостојна и суверена држава Република Македонија.

Меѓутоа, сè уште немаше правен акт за монетарно раздружување од Југославија и подготовки за пуштање сопствени пари во оптек иако определбите одеа во тој правец. Но веќе беше јасно дека во тој правец треба да се работи интензивно и брзо. Овој период го одбележаа два настани:

1. Покрај секојдневните редовни активности, приоритетно се ангажирав за проучување на сите дотогаш собрани искуства околу печатењето пари, посебно достапните искуства околу распаѓањето на австроунгарската империја на повеќе држави коишто прашањето на замена на старите со нови пари го решаваа на различни начини (материјали за тоа најдов во библиотеката на НБЈ), можностите за печатење книжни пари во Републиката и слично.

Резултат на тие мои ангажирања, коишто во таа фаза главно беа индивидуални бидејќи во Народната банка на Република Македонија сè уште не постоеше група што ќе работи на тоа, беше елаборатот под наслов „Анализа на можностите и начинот на воведување на републички пари", којшто го завршив во почетокот на ноември 1991 година, еден месец по референдумот на 8 септември, односно малку повеќе од еден месец пред донесувањето на Уставот на Република Македонија, со кој, во членот 60, Народната банка на Република Македонија се конституира како самостојна и емисиона централна банка.

2. Во исто време Владата на Република Македонија формира своја комисија којашто ќе ги следи активностите на надлежните институции околу подготовките за монетарното осамостојување и пуштањето на македонските пари во оптек. Комисијата главно оствари значајна советодавна улога и со својот авторитетен состав, им даваше поголема тежина и сигурност на активностите во тој домен.

Во „Анализата на можностите и начинот на воведување на републички пари" беше разработено целото сценарио на монетарното осамостојување и пуштањето сопствени пари во оптек, како и предусловите коишто треба да бидат исполнети за да биде целата операција успешна.

Со анализата беа запознаени сите политички раководители во Републиката. Посебно беше разгледана од владината комисија, на чија седница врз основа на аргументите во анализата беше прифатен заклучок од неа, според кој монетарното осамостојување на Републиката од монетарниот систем на тогашна СФРЈ треба да се одлага до остварување на условите или на дел од условите

предвидени во анализата и второ, што беше можеби поважно, да се одлага сè додека постојат услови за купување девизи од НБЈ за потребите на македонското стопанство. Вториот факт условуваше сите натамошни активности на планот на монетарното осамостојување и воведувањето во оптек македонски пари да се одвиваат во најстрога тајност, со цел да се овозможи натамошно непречено купување девизи на девизниот пазар на НБЈ, потребни за опстанок на македонското стопанство и отплата на долговите кон странство на банките и претпријатијата од Македонија.

## VI.

По ваквиот заклучок на владината комисија и особено по донесувањето на Уставот на РМ, на 17.11.1991 година, во кој во членот 60 беше предвидено дека централната банка на Републиката ќе биде самостојна и емисиона централна банка, беше крајно време да се започне со преземањето конкретни мерки. Тие одеа по следниов редослед:

1. Избор на печатница. Тоа веќе беше во голема мера завршена работа. Имено, во летото 1991 година, дневните весници објавија вест дека во Прилеп се појавиле македонски пари под името *статери* печатени во печатницата „11 Октомври" - Прилеп. Се разбира, оваа вест го привлече моето внимание и јас набргу ги имав „статерите" во мои раце. Ми беше јасно дека станува збор за маркетиншки потег на печатницата, нешто слично на примерот во Словенија, каде што една година порано една печатница печатеше словенечки пари под името липа, со што го привлече вниманието во цела тогашна Југославија. Сепак, начинот на кој беа отпечатени статерите и уште повеќе меракот на луѓето од печатницата да печатат пари, го привлекоа моето внимание. Првата средба со директорот на печатницата ја организиравме во просториите на „Стопанска банка" во Прилеп - намерно ја избегнав посетата на печатницата за да се одбегнат можните разни шпекулации. Во разговорот добив впечаток за самоуверeноста на директорот и за можностите на печатницата. Подоцна, летото 1991 година, ја посетив печатницата.

Првиот впечаток во однос на нејзиното обезбедување беше многу лош. Иако на влезот во стопанскиот двор на печатницата имаше сигурна метална врата и чувар кој ни отвори дури откако прописно не легитимира, целиот друг простор на стопанскиот двор, којшто беше прилично неуреден, беше ограден со три реда бодликава жица којашто во поголем дел беше срушена и падната на земјата. Во споредба со тоа што го видов во Топчидер бев поприлично разочаран. Главно

разговаравме за можностите за подобрување на безбедноста и условите за печатење книжни пари - банкноти.

Тие беа, исто така, многу скромни. Главно беше сознанието дека тука, а и каде било во Македонија, може да се обезбеди т.н. рамно печатење, коешто не обезбедува никаква заштита од фалсификување по пат на едноставно фотокопирање. Дојдовме до сознанието дека заштитата од фалсификување може да се обезбеди само со употреба на специјални бои и пред сѐ специјална хартија во која во процесот на производството се вградуваат заштитни елементи коишто не можат да се фалсификуваат. Пред дефинитивно да се одлучам за печатницата во Прилеп, ги посетив и печатниците во Тетово, Битола и Кочани. Многу околности (капацитетот на машините, погодноста на магацините, опременоста на одделението за дизајнирање со опрема и кадар, ентузијазмот на раководството, географската положба на градот Прилеп и локацијата на печатницата во него, коишто гарантираа поголема безбедност и слично) влијаеја да се одлучам за изборот на печатницата „11 Октомври" - Прилеп.

Го информирав премиерот на Владата за мојот избор и предложив донесување на закон со кој печатницата ќе се овласти за печатење пари. Премиерот го прифати мојот предлог и текстот на законот и под ознака строго доверливо, наскоро се најде во собранието и без никаква дискусија и забелешки беше донесен. Донесувањето на овој закон произлегуваше како обврска од Законот за Народната банка, според кој печатењето пари без законско овластување претставуваше тешко кривично дело.

2. На 27.11.1992 година, доставив строго доверливо писмо до премиерот на Владата на Република Македонија со текст на Предлог-одлука со која се задолжува Народната банка на Република Македонија да изврши печатење на вредносни бонови во вкупна номинална вредност од 5 милијарди динари и во соодветна апоенска структура.

Донесувањето на ваквата одлука од страна на Владата на Република Македонија беше неопходно, бидејќи по тогашниот Закон за Народната банка на Република Македонија, таа сѐ уште не беше конституирана како самостојна и емисиона централна банка. Владата можеше да донесе ваква одлука врз основа на член 1, став 2 од Законот за мерките коишто можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во стопанството во Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 46/90). Владата ја донесе Одлуката на 19.12.1991 година, под строго доверлив број 23-143. Со тоа се создадоа

формалните услови за тоа Народната банка на Република Македонија да започне со подготовките за печатење на вредносните бонови.

3. Во печатницата во Прилеп почнавме интензивно да се договараме за натамошните активности:

- договоривме набавка на нумератори за машините. Набавката ја извршивме веднаш во име и за сметка на Народната банка,

- договоривме спецификација на потребните специјални бои коишто од постојаниот добавувач на бои на печатницата во Швајцарија (производител на повеќе од 2/3 специјални бои за пари во светот) веднаш ги порачавме во име и за сметка на Народната банка на Македонија, и

- се договоривме за димензиите и количината на специјалната хартија, што исто така во свое име и на своја сметка треба да ја набави Народната банка на Република Македонија. Како можен производител на хартијата се договоривме да се обидеме тоа да биде фабриката за хартија во Радече - Словенија.

- Нумераторите и боите набргу стигнаа на Аеродромот во Скопје. Директорот на девизната дирекција, како најискусен во тој домен и доверлив соработник, го задолжив за нивниот прием, царинење и достава до печатницата во Прилеп, сето тоа во најстрога тајност. Деновиве, дури по 20 години, ми раскажа за проблемите што ги имал со царинењето и начинот на кој тоа го завршил. За набавката на хартијата, ќе се осврнам во понатамошниот текст.

- Со дизајнерите во печатницата се договоривме веднаш да почнат и интензивно да работат на дизајнот за вредносните бонови, врз основа на повеќе идеи и предлози коишто заеднички ги договоривме.

4. Во Народната банка на Република Македонија, повеќе работни групи и поединци беа задолжени да работат на повеќе проекти: проекција за долгот на Република Македонија во странство и можности за негово решавање, проекција за монетарната и кредитната политика во 1992 година, подготовка на прописите поврзани со монетарното осамостојување на Републиката и слично. Сите тие документи беа готови веќе во јануари 1992 година и претставуваа составен дел на елаборатот за монетарно осамостојување на Републиката, чие надградување и содржина го следеше и посебната група за монетарен систем формирана во Владата на Република Македонија.

5. Министерството за стопанство беше задолжено да направи анализа за нивото и структурата на стоковните резерви на Републиката и да предложи мерки за подобрување на состојбите. Посебен проблем претставуваше фактот констатиран во „Анализата на можностите и начинот на воведување на републички пари" дека македонското стопанство побарува нето-износ од преку 11 милијарди динари од стопански субјекти во СФРЈ (најмногу од Република Србија), коишто во случај на остварување на монетарната самостојност, тешко ќе се наплатат. И покрај преземените активности на повеќе средби со стопанствениците на разни нивоа, па и во Стопанската комора на Македонија, овој проблем остана нерешен и износот на побарувањата според Службата за општествено книговодство, којашто ја следеше оваа проблематика, до крајот на годината достигна ниво од преку 13,5 милијарди динари.

6) Како основен економски ограничувачки фактор за монетарното осамостојување на Републиката беше фактот што Република Македонија немаше сопствени девизни резерви, коишто претставуваат многу значаен фактор за обезбедување на стабилноста на сопствената валута. Потребата од девизи, којашто во услови на рекорден дефицит на трговскиот биланс на Републиката во 1991 година беше поголема, се задоволуваше со купување девизи на девизниот пазар на НБЈ. Прогласувањето монетарна самостојност ќе значеше затворање на вратите на девизниот пазар на НБЈ за банките од Македонија, а со тоа ќе се соочевме со практично нерешлив проблем. За ублажување на овој проблем, Народната банка на Република Македонија во договор со Министерството за финансии, започна со откуп на девизи преку банките врз основа на менувачко работење и откуп на злато од домашни производители. Средства беа обезбедени од вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Република Македонија за првото полугодие од 1991 година и помал дел од буџетот на Републиката. До крајот на 1991 година беа создадени девизни резерви во износ од 12 милиони долари, од кои околу 7 милиони долари беа во монетарно злато. До крајот на април 1992 година (денот на монетарното осамостојување), девизните резерви на Републиката достигнаа едвај 19 милиони долари. Имено, менувачкото работење, поради високата стапка на инфлација во тие месеци и нереалниот фиксен курс на денарот, се сведе само на откуп на чекови, а претпријатијата-извозници од истите причини не го внесуваа девизниот прилив во земјата. Во проектот за потребното ниво на девизни резерви и можностите за нивното остварување, изготвен во Народната банка на Република Македонија, беа предвидени повеќе инструменти за полнење на девизните резерви, но тие можеа

да се применуваат дури по отцепувањето од монетарниот и девизниот систем на тогашна Југославија.

## VII.

Ќе се задржам уште на три настани коишто се случија еден по друг во последните денови од 1991 година.

а) За 24 декември беше свикана вонредна седница на Советот на гувернерите на НБЈ, без претходно најавување на дневниот ред. Заминав со автомобил, со намера по завршувањето на седницата на Советот на гувернерите да продолжам за Словенија, во Фабриката за хартија во Радече.

На седницата на Советот бевме информирани дека Република Хрватска, на 23 декември 1991 година, прогласила монетарна независност и пуштила во оптек сопствени пари и дека Народната банка на Југославија во тајност отпечатила нова серија банкноти, со кои требаше да се изврши замена на динарските банкноти во оптек за да се спречат последиците што ќе настанат со вметнување на динарите повлечени во Хрватска во платниот промет на Југославија во чиј монетарен систем, како и во зоната на ју-динарот, сè уште се наоѓаа четири републики, меѓу кои и Македонија. Се претпоставуваше дека во Хрватска има во оптек преку 40 милијарди динари и дека голем дел од тие пари ќе се прелеат во остатокот на Југославија, каде што би биле заменети за девизи на црниот пазар (којшто единствено функционираше во тие денови) или за материјални добра. Ваквата претпоставка ја поткрепуваше и сознанието (според печатот во Хрватска) дека замената на ју-динарите за хрватски динари ќе се изврши под многу рестриктивни услови - само за два дена и во готови пари во износи од 10000 динари, менувајќи 1:1. За да се спречат или да се ублажат последиците за четирите републики коишто сè уште беа во монетарниот систем на Југославија и во зоната на ју-динарот, требаше да се донесат три одлуки (за дизајнот на новите банкноти, за провлекување на старите од оптек и за пуштање во оптек банкноти со нов дизајн), и тоа веднаш, без одлагање, за да може замената да почне веднаш наредниот ден.

Не се сеќавам од кои причини, но знам дека за краткото време што го имав пред почетокот на седницата на Советот на гувернерите не успеав да направам консултации со никого од раководството во Македонија. Морав сам да одлучам, а имаше причини и за и против предложените три одлуки.

За позитивно гласање за предложените одлуки имав најмалку две многу значајни причини:

- прво, во Македонија технички сè уште не бевме подготвени да извршиме замена на жешките југословенски динари со македонски пари и на тој начин да се заштитиме од динарите истиснати од Хрватска, а и од остатокот на Југославија, каде што, исто така, беше јасно дека ќе се изврши замена на динарите во оптек со динари со нов дизајн. Македонија практично ќе беше опустошена. Понатаму, практично и да бевме подготвени за замена на ју-динарите со македонски пари[2], другите минимални услови за тоа не беа исполнети - во Македонија сè уште беше присутна ЈНА којашто се финансираше со југословенски динари, што можеше да има сериозни последици, и

- второ, искуствата од воведувањето на толарот во Словенија на 7 октомври 1991 година, кога НБЈ сè уште не била подготвена со противмерки да го заштити остатокот на Југославија (во тоа време, динарите со нов дизајн биле во фаза на печатење), беа многу сугестивни. Според книговодството на НБЈ, во Словенија беа во оптек 19 милијарди денари и голем дел од нив, според податокот во некои написи на словенечки автори, повеќе од една половина не се заменети за словенечки толари, што значи дека се заменети во остатокот на Југославија за девизи (на црниот пазар) или за материјални добра. Македонија, иако најоддалечена од Словенија, исто така ги почувствува последиците. Беа регистрирани неколку случаи на запленување значителни износи на девизи на словенечки граѓани при обидот да ја напуштат Македонија. Добро се сеќавам на еден случај на граѓанин на Словенија на кој на Скопскиот аеродром му беа запленети повеќе од 200 000 германски марки и за кој лично претседателот на Словенија ургираше до нашиот претседател за да му бидат вратени. Сега опасноста од наплив на безвредни динари во Македонија беше десетпати поголема. Единствен ефикасен начин за заштита од претстојното пустошење, односно осиромашување на македонското стопанство беше замената на динарите во оптек коишто се заменуваа со други банкноти во Хрватска и во Југославија, да се заменат со други банкноти и во Македонија.

Меѓутоа, други два фактора ме ограничуваа да гласам за Одлуката за замена на динарите во оптек со динари со нов дизајн:

---

[2] Постоеше варијанта, нови динарски банкноти што се чуваат во трезорот на НБРМ за таа намена, со суво жигосување или со лепење маркици да се претворат во привремени македонски пари.

- прво, тие пари биле печатени во тајност, по одлука на Сојузниот извршен совет, без претходно да се донесе одлука на Советот на гувернерите за нивниот дизајн, а со цел, доколку некоја република изврши монетарно осамостојување и воведе свои пари, остатокот на Југославија со замена на парите да се заштити од динарите истиснати од Републиката во која динарот ќе се замени со сопствени пари. Бидејќи не се знаело која или кои републики ќе се отцепат од монетарниот систем на Југославија, на банкнотите не беа отпечатени имињата на републиките, како на сите претходни серии динари. Ми беше јасно дека тоа е направено од практични причини, но исто така ми беше јасно дека тоа можеше да има и политички конотации и дека во Македонија нема да бидат со задоволство прифатени пари на кои не е отпечатено името на Републиката, уште повеќе што само пред неполни два месеци Македонија го донесе Уставот со кој се конституира како независна, самостојна и суверена држава, и

- второ, во Македонија, и јавноста и политичарите кои не беа доволно упатени во мотивите за оддолжувањето на монетарното осамостојување на Републиката, речиси секојдневно го очекуваа монетарното осамостојување на Републиката и пуштањето во оптек на првите македонски пари. Ваквите очекувања силно ги подгреваа сè почестите јавни изјави на Премиерот на експертската влада дека монетарното осамостојување на Републиката и пуштањето македонски пари во оптек е веќе во завршна фаза и во прашање се само денови кога тоа ќе се случи. Спротивно на тоа, како новогодишна честитка, наместо со македонски пари, јас требаше да ги заменам постојните југословенски динари со други југословенски динари на кои го немаше ни името на Република Македонија. Навистина непријатно, уште повеќе што не можев јавно да ги објаснам мотивите за тоа.

Од тие причини, на Советот на гувернерите му предложив донесувањето на споменатите одлуки да го одложиме најмалку за еден месец, а од напливот на безвредни динари од Хрватска да се браниме со други мерки: прекин на платниот промет, ограничување на плаќањата во готово, зајакнати инспекции и друго. Сепак, знаев дека не сум во право, односно дека со тие мерки не можеме да се заштитиме.

Советот на гувернерите на НБЈ, со шест гласа за, од вкупно седум члена, ги донесе потребните одлуки за замена на динарите во оптек со нова серија динари со нов дизајн. Јас гласав воздржано.

Пред гласањето за трите предложени одлуки, тројца членови на Советот на гувернерите на НБЈ, вклучувајќи го и гувернерот на НБЈ, им поставија прашање на

гувернерите од Босна и Херцеговина и Македонија, дали во Босна и Херцеговина, односно во Македонија, коишто како и Словенија и Хрватска го прокламираа барањето за признавањето на суверенитетот, се подготвува и ако се подготвува, во која фаза е емитувањето сопствени пари, бидејќи ако постои таква намера, оваа операција на замена на старите динарски банкноти со нови нема да има никаква смисла. Тоа практично ќе значи дека републиките коишто ќе останат со ју-динарите во оптек, набргу повторно ќе мораат да се штитат од републиките во кои ју-динарите ќе бидат заменети со сопствени пари, а тоа е операција којашто е тешко изводлива за кратко време и којашто е и прилично скапа. Гувернерката на Народната банка на Босна и Херцеговина беше категорична дека во Босна и Херцеговина следните шест месеци до една година нема да има воведување сопствени пари. Мојот одговор беше понеодреден. Одговорив дека во Македонија е донесен Устав со кој се прогласува самостојноста, независноста и суверенитетот на Републиката и според кој се создава правна основа за конституирање самостојна и емисиона централна банка, којашто во одреден период, со донесување посебен закон, ќе биде овластена за емисија на сопствени пари. Понатаму одговорив дека таков закон (за Народна банка на Република Македонија) сè уште не е донесен и не е во процедура на донесување и дека во Македонија, врз основа на уставен закон, сè уште се применуваат постојните сојузни и републички закони. На крајот, гарантирав дека во наредните два до три месеци во Македонија нема да бидат пуштени во оптек македонски пари. Иако неконкретно, моето образложение беше прифатено како позитивно, по што се помина на гласање на предложените одлуки и, како што веќе наведов, со шест гласа за и еден воздржан сите беа усвоени.

Бидејќи гласав *воздржан*, од мене беше побарано да дадам изјава дали прифаќам да се изврши замената на старите ју-динари за нови и во Македонија. Имено, во тоа време стана вообичаено многу републики на своја територија да не ги спроведуваат сојузните прописи или со републички прописи да суспендираат сојузни прописи. Имајќи ги предвид наведените причини поради кои требаше да гласам за предложените одлуки, а потполно занемарувајќи ги причините поради кои гласав воздржано, изјавив дека ќе прифатам да се изврши замена на динарите во оптек со нови динарски банкноти со нов дизајн и во Македонија. Тоа беше чисто стручна, професионална одлука, за која два дена подоцна во Собранието на Република Македонија изјавив дека ја преземам целата одговорност и дека таква одлука би донесол и уште десетпати ако се најдам во слична ситуација.

Попладнето, на 24 декември 1991 година, три блиндирани фургони на НБЈ, товарени со динари со нов дизајн, тргнаа за Скопје, а јас и возачот тргнавме на пат за Словенија.

б) Автопатот „Братство и единство" беше надвор од употреба поради воjните дејствија во Република Хрватска. Поради тоа, патувавме преку Унгарија. Патувавме речиси цела ноќ поради лошите услови за возење - имаше снег повеќе од 30 см низ цела Унгарија, а и понатаму непрестајно врнеше. Утрото на 25.12.1991 година, околу 8 часот, стигнав во Банката на Словенија во Љубљана. Тука бев многу срдечно примен и информиран за сите нивни искуства околу печатењето на нивните вредносни бонови и замената на ју-динарите со словенечки вредносни бонови. Напладне стигнавме во фабриката за хартија во Радече, каде што, добро препорачан од гувернерот на Банката на Словенија, исто така многу срдечно ме примија. Покрај тоа, во врска со две прашања - производството на соодветна специјална хартија и нејзиниот транспорт до Скопје, покрај добрата волја на раководството на фабриката да ни излезат во пресрет, имавме и многу среќа.

Се договоривме и за тоа производството и транспортот на хартијата да се извршат во најстрога дискреција, што беше од интерес и на двете страни. Нашите причини за потребата од тајност веќе ги споменав. Потреба од тајност имаше и фабриката во Радече, којашто беше единствен производител на хартија за НБЈ, а НБЈ имаше и сопственички удел во фабриката. Околу квалитетот на хартијата за вредносните бонови коишто требаше да бидат во употреба не повеќе од една година се договоривме да се произведе хартија во состав од 30% памук и 70% целулоза. Ваква хартија беше користена и во Република Словенија (но не беше произведена во оваа фабрика поради стравот да не дознае НБЈ и да не преземе соодветни мерки). Ваквиот состав на хартијата обезбедуваше издржливост на банкнотите од околу 80 превиткувања, односно најмногу едногодишна употреба. За заштита, фабриката во Радече можеше да ни обезбеди воден знак и дополнителна заштита со тробојни влакна видливи на флуоресцентно светло. Проблем се јави околу времето за производство на хартијата - тие понудија рок од најмалку два месеци, што за мене беше апсолутно неприфатливо. Тогаш ми објаснија дека за производство на хартија со воден знак мора да се произведе специјално сито, а најкраток рок во кој тоа може да се произведе, во зависност од формата на водениот знак, е шест недели. Кога ситуацијата одненадеж изгледаше безнадежна, со спасоносна идеја се јави техничкиот директор, кој информира дека постои готово сито со заштитен воден знак во вид на ромбоид, изготвено по барање на некоја хрватска банка за производство на специјална хартија за

чекови, но дека во новонастанатите услови, банката побарала одлагање на производството на хартијата. Се договоривме да се искористи тоа готово сито за воден знак, а за хрватската банка да се подготви друго, со друга форма на воден знак. Следната среќна околност беше фактот што претходниот ден, на една од двете производствени линии беше завршен производствениот циклус и дека наредниот ден можеше да се започне со нов производствен циклус. Така, истиот ден пред мои очи започна производството на специјалната хартија за првите македонски пари, а тоа не можеше да биде запрено ни за претстојните празници бидејќи тоа го условуваше технолошкиот процес, којшто за десетина дена, вклучувајќи го сечењето и пакувањето, требаше да заврши. Претходно се договоривме за цената и начинот на плаќање. Ја прифатив цената договорена пред неколку месеци со хрватската банка, со доплата на тробојните флуоресцентни влакна. Околу плаќањето исто така постоеше проблем, бидејќи не носев банкарска гаранција, ниту, пак, можев да извршам плаќање однапред. Проблемот го надминавме по телефонскиот разговор со гувернерот на Банката на Словенија, кој гарантираше дека нема да има проблеми околу плаќањето.

Следниот проблем, којшто изгледаше тешко решлив, беше транспортот на хартијата до Скопје. Со шлепери преку Хрватска и Југославија, а исто така и преку Унгарија и Југославија беше невозможно. Хартијата ќе ја запленеа југословенските власти со сериозни последици и за Република Македонија и за фабриката во Радече, којашто и понатаму беше единствениот производител на хартија за НБЈ. Додека разговаравме околу овој проблем, некој од раководството на фабриката нè информира дека добил информации дека со почетокот на 1992 година се отвора бродска товарна линија на релацијата Пула - Драч (Албанија). Брзо беа проверени овие информации и откако беа позитивно потврдени, се одлучивме за тој транспорт. Тоа подразбираше и посебно пакување на хартијата - за заштита од прекумерна влага. На првиот брод, којшто тргна на 5 јануари 1992 година, беше натоварена целокупната количина на хартија којашто, по неколку дена, од Драч стигна безбедно во трезорот на Народната банка на Република Македонија, обезбедувана за целото време од македонската полиција. Беше искористен првиот и последен брод, бидејќи линијата поради нерентабилност беше укината по првото возење.

Истиот ден (25 декември 1991 година), според договорот со гувернерот, доцна попладнето, по 18 часот, ја посетив и Народната банка на Хрватска. Тие исто така ме запознаа со своите искуства околу подготовката и пуштањето во оптек на хрватските пари и нивната замена со југословенските динари. Овде би сакал да истакнам еден факт. Во трезорот на Народната банка на Хрватска

(којшто за мое чудење, како и целата банка, беше чуван со многу тешко вооружени полицајци или војници), видов голема количина југословенски динари (не можам да се сетам дали ми го кажаа износот) повлечени од оптек со замената на хрватските со југословенските динари, коишто веќе претставуваа безвредна хартија бидејќи во остатокот на Југославија, во кој сè уште беше и Македонија, се пуштија во оптек југословенски динари со нов дизајн.

Истиот ден доцна навечер, исто така преку Унгарија, се упативме за Скопје. Патувавме повторно цела ноќ бидејќи сакав да стигнеме во Скопје што побргу за да видам како се одвива замената на старите југословенски банкноти со нови, иако имав доверба дека заменикот на гувернерот со трезорските работници успешно ќе ја извршат замената. Повеќе бев заинтересиран за реакциите на политичарите и јавноста.

в) На 26 декември во доцните попладневни часови стигнавме во Скопје. Дома, во прва посета ми беа дојдени ќерката и зетот од Холандија. Штотуку се поздравивме, ми рекоа дека има пренос од седницата на Собранието на Република Македонија и дека пред малку некои пратеници барале гувернерот да одговори на некои прашања во врска со парите. На телевизија видов дека седницата е во тек, а во тој момент заѕвони телефонот. Некој од стручните служби во Собранието ме извести дека претседателот бара веднаш да дојдам во врска со некои поставени пратенички прашања.

Во Собранието течеше расправата за некоја од точките на дневниот ред. Само што влегов, претседателот на Собранието веднаш ги извести пратениците дека сум тука, со предлог да ми се даде збор да одговорам на поставените пратенички прашања, што беше прифатено. Прашањата (поставени од пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ) беа во врска со замената на старите со нови југословенски динари што беше во тек од 26 до 31 декември 1991 година. Тие приближно гласеа вака: зошто се врши оваа замена на едни со други југословенски пари, зошто на банкнотите ги нема имињата на републиките и автономните покраини, зошто замената не се врши со македонски пари и слично.

Откако излегов на говорницата, побарав, за време на моето излагање и дискусиите во врска со него, седницата на Собранието да биде затворена за јавноста поради доверливоста на материјата за која ќе се расправа. Моето барање беше прифатено.

Пред себе го имам стенограмот од мојот одговор на сите тие прашања. Бидејќи моето излагање е прилично екстензивно и содржи работи за кои досега

пишував, во продолжение ќе се обидам во кратки црти да ја презентирам суштината на мојот одговор.

- Се осврнав на поводот по кој беше свикана вонредната седница на Советот на гувернерите, за содржината на трите одлуки коишто беа изгласани од Советот на гувернерите, особено на причините поради кои гласав воздржано и причините поради кои потоа прифатив да се изврши замената на старите со нови југословенски динари и во Македонија. Цитирам дел од тоа: „..., ако не прифатев да се испратат пари во Македонија и да се изврши замена, Македонија ќе станеше место на сите пари без покритие од целото подрачје на Југославија... Нашите продавници ќе беа опљачкани за неколку денови, за неполни месец дена, нашите претпријатија ќе беа излажани и своите производи ќе ги продадеа за куп хартии кои не вредат ништо. Ова е чисто техничка операција. Со неа се исфрлаат од промет 120 милијарди стари југословенски апоени, а се воведуваат во оптек нови 80 милијарди динари. Тие 80 милијарди динари се распоредени по републики по одредени критериуми. Ние од тие 80 милијарди добиваме 7 милијарди, или околу 8,8%. Јас во оваа замена не гледам никакви политички елементи. Тоа е чиста монетарна мерка за заштита на интересите на граѓаните и на стопанството во овие четири републики кои случајно се најдоа во една одбранбена линија од парите што по сите канали ќе се обидат од Хрватска да се растураат во другите делови на Југославија. Тие веќе се присутни во одредена мерка, се чувствуваат во сè, во порастот на цените, на црната берза итн., итн.‟

- Следното прашање на кое требаше да дадам одговор беше дали вонредната замена на старо-новите ју-динари што беше во тек ќе влијае врз процесот на монетарното осамостојување на Републиката и на воведувањето македонски пари во оптек. Во тој поглед бев категоричен дека оваа замена е од чисто техничка природа и за заштита на стопанството и на граѓаните во Републиката и дека процесот на монетарното осамостојување и воведувањето републички пари не се оспорува, ниту се забавува. Напротив, тој процес е во фаза на интензивни подготовки, коишто во почетокот на идната година ќе бидат засилени. Ги потсетив пратениците на неодамнешното експозе на премиерот на Владата, кој посебно се осврнува и на оваа проблематика. Истакнав дека на тоа интензивно работи работна група во Владата, дека е изготвен елаборат во кој е вградено многу труд и во кој е трасиран патот до конечното монетарно осамостојување на Републиката и пуштањето на македонски пари во оптек. Притоа, истакнав дека станува збор за многу комплицирана операција, на која сите учесници во неа сега се учат. Тоа е нешто што не сме го учеле на факултет, ниту, пак, сме имале можност да го видиме во практика. Единствено достапни ни

беа скромните сознанија за искуствата од распаѓањето на Австроунгарската Империја, кога од една држава настанаа осум нови и кога, која како знаеше во период од две до десет години, применуваше разни модели: употреба на старите банкноти, лепење маркици на нив или удирање суви жигови, печатење вредносни хартии (бонови) и слично. Најсовремени се искуствата во Словенија и Хрватска, коишто досега не ни беа достапни. Истакнав дека Словенците се консултирале со странски експерти на кои им исплатиле преку 500.000 долари, а дека ние сосема автономно и сами дојдовме до исти сознанија. Бев категоричен дека сега сме многу поблиску до крајот, отколку до почетокот на таа операција. Меѓутоа, поради големата ризичност мораме да бидеме стрпливи сѐ до моментот кога ќе се остварат најоптималните услови за успешно спроведување на оваа операција. Инаку, за нас таа операција може да значи „салто мортале" од кое ќе паднеме на глава и ќе си ја скршиме главата. Споменав само неколку неопходни услови коишто би гарантирале успех на операцијата, а што сѐ уште ги немаме. Цитирам дел од стенограмот: „Воведувањето на сопствени пари претпоставува апсолутно физички затворени граници на Републиката, со сопствена војска, со сопствени цариници. Таа граница без контрола не смее ни пиле да ја прелета, не да минуваат камиони, возови, преку планините цели стада од овци итн.".

Покрај изнесеното, ги информирав пратениците дека се подготвуваше една варијанта во случај на потреба од итна промена на ју-динарите со македонски пари. Имено, информирав дека во трезорот на Народната банка на Република Македонија постојано чувавме нови, неупотребувани банкноти на ју-динари во вредност од 6 милијарди динари и соодветна апоенска структура, коишто во случај на потреба, со печатење сув жиг на нив, би се трансформирале во привремени македонски пари. Меѓутоа, не се најде соодветно техничко решение за жигосувањето, а постоеше ризик и од одредени политички и други последици, поради што таа варијанта конечно беше отфрлена.

Имав голема желба да ги информирам пратениците за посетата на фабриката за хартија во Радече и за постигнатиот договор за производство на хартијата, сепак се воздржав, бидејќи иако овој дел од седницата беше затворен, на неа покрај пратениците присуствуваа многу гости и службени лица, па постоеше можност тајната да излезе во јавноста, а тоа не беше само наша тајна, туку и тајна на фабриката во Радече, на која ѝ ветив максимална конспиративност.

- Најпосле го информирав Собранието зошто барав овој дел од седницата да биде затворен за јавноста и зошто сето ова што беше предмет на расправа

околу монетарното осамостојување и воведувањето македонски пари во оптек треба да се третира како државна тајна. Остварувањето на една од стратешките цели на економската политика во таа година и во почетокот на идната година зависеше од лојалноста на Република Македонија кон монетарниот и девизниот систем на тогашна Југославија. Купувањето девизи, коишто ѝ беа многу потребни на Република Македонија, од девизните резерви на НБЈ беше можно само ако Републиката е во рамките на монетарниот и девизниот систем на Југославија и ако не покажува активности за излегување од тие системи. А на тој план, оваа (1991) година остваривме извонредни резултати:

- Прво, значително го зголемивме учеството во примарната емисија на НБЈ. До 30.6.1991 година, банките од Македонија искористија 2,458 милиони динари примарна емисија или 9,4% од вкупната емисија во тој период, вклучувајќи ги ефектите врз примарната емисија од сите нерегуларни упади на некои републики во монетарниот систем на Југославија. Во втората половина од годината, поради високата ликвидност на банките во Македонија и оттука, поради нивната незаинтересираност за влечење средства од примарната емисија на НБЈ, тоа учество се намали на 8,85%;

- Второ, во 1991 година републиките - некои почнаа порано, некои подоцна - не ги уплатуваа своите обврски кон сојузниот буџет. Тој недостиг на средства во сојузниот буџет се надополнуваше со задолжување кај НБЈ (една од причините за сѐ поголемата хиперинфлација). Во вкупните неуплатени обврски на републиките кон сојузниот буџет, Македонија учествуваше дури со 11,5%. Од тие задржани средства, за првпат оваа година во целост беа исплатени пресметаните курсни разлики и стимулации на извозниците, остварена беше задоволителна ликвидност не само на банките, туку и на голем дел од стопанските субјекти што беа ориентирани кон извоз;

- Трето, преку банките во Републиката, а за потребите на македонското стопанство од девизните резерви на НБЈ, беа купени 181,5 милиони долари во текот на годината во услови на затворен девизен пазар. Тоа беше 17,5% од вкупните продажби на НБЈ во оваа година. Покрај тоа, за стопанските субјекти од Република Македонија беа платени и сите гарантирани и фиксни обврски на кои гарант им беше Федерацијата или агент-плаќач беше НБЈ во износ од преку 130 милиони долари. А сето тоа е платено со средства обезбедени од примарната емисија на НБЈ и по официјален курс којшто беше значително понизок од курсот што се формираше на црниот девизен пазар. Сето тоа ни овозможи, во услови кога се распаѓаше СФРЈ, а Република Македонија ги живееше првите месеци на

политичка самостојност, независност и сувереност, без проблеми да се одвиваат набавките на нафта, лекови, суровини и репроматеријали.

Завршувајќи го своето излагање пред пратениците во Собранието на Република Македонија, уште еднаш нагласив дека врските со Федерацијата не смееме да ги прекинеме додека тие ни обезбедуваат девизи во толкав износ и под такви услови и дека поради тоа, и натамошните активности во врска со монетарното осамостојување и воведувањето македонски пари во оптек мораме да ги остваруваме во најстрога тајност. Затоа, ги замолив пратениците, сè што е овде речено, да остане овде како државна тајна.

По неколку дополнителни прашања на кои дадов кратки одговори, моето излагање, а тоа значи и моите постапки во врска со замената на старите ју-динари со динари со нов дизајн, беа целосно прифатени и потврдени.

## VIII.

Моите главни активности во почетокот на 1992 година беа насочени, покрај секојдневните тековни работи, во два правци:

- прво, завршување на техничките подготовки за печатењето вредносни бонови, и

- второ, настојување во Советот на гувернерите на НБЈ да се искористат максимално правата за купување девизи коишто беа утврдени во квотите на Сојузниот извршен совет за I квартал од 1992 година.

1. Во „Анализата за можностите и начинот на воведување на републички пари" од ноември 1991 година, којашто во целост беше прифатена од работната група за монетарен систем при Владата на Републиката, беше предвидено воведувањето републички пари во оптек да се изврши во две фази: прво, во оптек да се пуштат вредносни бонови наместо вистински пари, а по консолидирањето на состојбите во стопанството до некое можно оптимално ниво, во рок не подолг од една година, тие да се заменат со вистински монети и банкноти. Двофазното воведување на македонските пари во оптек беше условено од повеќе моменти. Прво, производството на монети и банкноти е процес што трае најмалку 1,5 до 2 години (од проектирањето на дизајнот, за што е потребен јавен конкурс, производството на специјална хартија којашто следува по тоа, до печатењето, сушењето и, конечно, трезорската обработка). Ние толку време немавме. Второ, изборот на дизајнот треба да оди по пат на конкурс - јавно, а ние во тоа време, од

веќе добро објаснетите причини, тие активности моравме да ги извршуваме во најстрога тајност и во кратко време. Трето, називот на паричната единица сè уште не беше утврдена, а и за тоа прашање беше потребна јавна расправа, којашто во тоа време од исти причини не можевме да ја имаме. Четврто, Законот за Народната банка на Република Македонија сè уште не беше донесен и Народната банка сè уште не беше конституирана како емисиона банка. Донесувањето на овој закон беше можно дури на денот на прогласувањето на монетарното осамостојување и пуштањето на македонските пари во оптек, што значи дека тие мораше претходно да бидат отпечатени. Петто, сосема беше јасно дека чинот на монетарното осамостојување и пуштањето републички пари во оптек ќе го извршиме во услови на хиперинфлација и монетарен хаос во земјата од која се отцепуваме, потоа во услови на забележителен пад на индустриското производство и многу ниско ниво на девизни резерви итн., што сè заедно ќе има негативни последици врз новите пари во смисла на нивно брзо обезвреднување. Од сите тие причини, беше оценето како добро, а и како единствено можно решение, пуштањето на првите македонски пари во оптек да биде со привремени вредносни бонови, коишто ќе бидат отпечатени во краток период, на хартија со послаб квалитет (а со тоа и поевтина), со едноставни обележја и без името на националната валута, коишто по стабилизирањето на состојбите во националната економија и, пред сè, во монетарната сфера (ние практично не знаевме колкава количина на пари во оптек ќе има во Републиката на денот на замената на ју-динарите со македонски пари) ќе се заменат со вистински пари, применувајќи соодветен однос на деноминација.

Бидејќи специјалните бои и хартијата за вредносните бонови беа порачани и нивното пристигнување во Скопје беше прашање на денот, приоритетно прашање околу кое се ангажирав во првите денови од 1992 година беше прашањето за дизајнот на боновите. Речиси секое попладне и во викендите во првите денови од јануари 1992 година бев во печатницата каде што дизајнерите на печатницата заедно, пред сè едно младо талентирано момче, макотрпно работеа на остварувањето на разни идеи за можниот дизајн на вредносните бонови. Знаев уште од југословенските искуства дека прашањето на дизајнот на парите е многу чувствително, особено во држави со повеќенационално население и со различни вери, каква што е и Република Македонија. Имајќи го тоа предвид, како и краткото време што го имавме за подготовка, со дизајнерите и директорот на печатницата, кој исто така искрено и максимално се ангажираше околу тоа прашање, дојдовме на идеја сите вредносни бонови да се со ист дизајн, а да се разликуваат само по боите, коишто за секој апоен ќе бидат различни и по

цифрите за износот на бонот, коишто ќе бидат отпечатени малку повпечатливо (крупно и со јака боја) отколку што е тоа вообичаено. Со тоа, времето за подготовки и проби се скратуваше десетпати, а исто така се намалуваше ризикот за грешки во изборот на мотивите за дизајнот.

Се одлучивме за основен ликовен мотив на лицето на боновите да биде споменикот *Илинден* во Крушево, којшто ја изразуваше вековната борба на граѓаните на Македонија за живот во мир и слобода. На опачината на боновите беа прикажани тутуноберачите кои можеа да бидат од која било националност. Со примероци од извршените проби ги запознав поединечно сите повисоки раководители во Републиката. Нивните реакции беа многу воздржани. Немаше ни критики ни поддршка. Бев свесен дека во случај на лош прием на вредносните бонови, во поглед на дизајнот меѓу граѓаните на Македонија, целата одговорност ќе биде исклучиво моја.

На 14 јануари 1992 година, во печатницата сè беше готово да се започне со печатењето на првите македонски пари во вид на вредносни бонови. Печатењето требаше да се направи на машина најсоодветна за тоа, со која работеа двајца работници, брачен пар. Во салата се чувствуваше свечена атмосфера и тишина. Кога сите подготовки беа готови, нумераторот на машината поставен на нула, а обичната заменета со специјална хартија, околу 11 часот почна печатењето на вредносниот бон од 10 вредносни единици. Кога го видов првиот табак со лицето на 24 банкноти, почувствував како очите ми се полнат со солзи. Со намера да ја скријам мојата слабост, се свртев кон прозорот бришејќи си ги незабележливо очите. Кога малку се соземдов, се свртев повторно кон машината, којашто непрекинато го печатеше лицето на банкнотата, по 24 примерока на секој табак, видов дека и очите на брачните сопружници што работеа на машината беа полни со солзи. И не само нивните, солзи радосници имаше на очите на сите кои во тој миг беа сведоци на овој историски чин кога почна печатењето на првите македонски пари. Печатењето заврши на 5.2.1992 година.

На 7.2.1992 година, до претседателот на Републиката, претседателот на Собранието и до претседателот на Владата на Република Македонија испратив писмо (строго доверливо број 5) со кое ги известив дека во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија од 19.12.1991 година, Народната банка на Република Македонија изврши печатење на вредносни бонови, и тоа 27.858.696 банкноти во апоени од 10; 25 и 50; 100; 500 и 1000 вредносни единици во вкупна вредност од 8.433.647,700 единици. Понатаму ги известив дека вредносните бонови се сместени во трезорот на Народната банка на Република

Македонија и дека е разработен план за нивна дистрибуција до сите седишта на Службата за општествено книговодство за 24 часа. Исто така, ги известив дека за пуштање во оптек на вредносните бонови, односно за замената на ју-динарите со вредносните бонови е потребно во Собранието на Република Македонија да се донесат: Законот за Народната банка на Република Македонија, со кој таа ќе се конституира како емисиона банка, Законот за паричната единица на Република Македонија со кој ќе се утврди името и деливоста на македонската парична единица и Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија, со кој ќе се регулира употребата на вредносните бонови. Ги известив и тоа дека нацртите на тие закони се подготвени, како и за нацртите на повеќе одлуки што треба да ги донесе Советот на Народната банка на Република Македонија: Одлуката за повлекување од оптек на ју-динарите, Одлуката за пуштање во оптек на вредносните бонови, Упатството за начинот и условите за замена на ју-динарите со бонови и друго.

Надлежните раководители ги известив дека останува отворено уште прашањето за името на паричната единица на Република Македонија.

Забележително е дека вкупниот износ на отпечатените вредносни бонови беше поголем од износот утврден во Одлуката на Владата со која Народната банка беше задолжена да отпечати вредносни бонови во вкупна вредност од 5 милијарди динари. Тоа го направив врз основа на сознанијата за износот на парите во оптек во Македонија до кои дојдовме со замената на старите со нови динарски банкноти во периодот од 26 до 31.12.1991 година, а по претходна консултација со премиерот и претседателот на Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи од месец во месец имаше сè повисока инфлација продолживме со печатење вредносни бонови и понатаму, така што на денот на размената на ју-динарите со вредносните бонови, на 26.4.1992 година, имавме на располагање вредносни бонови во износ поголем од 18 милијарди динари, а беа печатени и две нови банкноти - со изменет дизајн и во вредност од 5 илјади и 10 илјади единици. И покрај овие дополнителни мерки, по размената на динарот со вредносни бонови, на неколку пати, краткотрајно се јавуваше недостиг на готовина во платниот промет.

Во секој случај, со првата отпечатена сума вредносни бонови, за која го известив раководството на Републиката на 7.2.1992 година, ми падна огромен товар од грбот. Од тој ден па натаму, во секој нареден ден, ако околностите го бараа тоа, можеше да започне замената на југословенските динари со македонски пари.

2. Во меѓувреме, во Советот на гувернерите на НБЈ се водеше тивка војна помеѓу мене и гувернерот на Народната банка на Србија. Имено, Сојузниот извршен совет за првиот квартал од 1992 година утврди квота за продажба на девизи од девизните резерви на НБЈ во износ од 298,2 милиона долари за тековни економски потреби, од кои 28,2 милиона беа предвидени за стопанството од Македонија (21,5 милиони долари за увоз на нафта, 3,8 милиони долари за увоз на лекови и 2,9 милиони долари за потребите на земјоделството). Исто така, беше утврдена и квота за отплата на кредитите кон странство на кои гарант е Федерацијата или НБЈ или НБЈ е агент-плаќач. Тие обврски за Република Македонија за I квартал од 1992 година изнесуваа 38,4 милиони динари. Врз основа на двете квоти, банките од Македонија имаа право да купат 66,6 милиони долари, а основен услов за тоа беше да се почитува единствениот монетарен и девизен систем на Југославија, односно да се остане лојален на тие системи.

Гувернерот на Народна банка на Србија упорно, речиси и на секоја седница на Советот на гувернерите изнесуваше свои сознанија дека Македонија прогласила независност и се подготвува за отцепување од монетарниот и девизниот систем на Југославија и дека поради тоа, треба да ѝ се скрати користењето на примарна емисија и купување девизи од девизните резерви на НБЈ и редица други мерки, претходно применети против банките од Словенија и Хрватска. Притоа, често цитираше изјави на премиерот на Владата на Македонија кој во разни пригоди изјавуваше дека пуштањето македонски пари во оптек е само прашање на денот. Разбирливо, јас упорно го тврдев спротивното, а останатите членови на Советот, посебно гувернерот на НБЈ, кој исто така беше во многу лоши односи со раководството на Народната банка на Србија и гувернерите на народните банки на Босна и Херцеговина и на Војводина, со кои имав извонредно добро пријателски односи, веруваа во моите изјави и банките од Македонија полека го користеа своето право на купување девизи во рамките на утврдените квоти.

Сепак, на 419-тата седница на Советот на гувернерите, одржана на 27.2.1992 година, беше усвоен заклучок врз основа на кој се бараше Народната банка на Македонија да даде писмено известување за тоа дали и кога Република Македонија ќе воведе свои пари. Овој заклучок беше донесен врз основа на писмено барање на Народната банка на Србија, подготвено заедно со стручните служби од НБЈ, во кое беше наведено следново: „Очигледно е дека и Македонија се раздружува и дека станува самостојна, независна и суверена држава која очекува и меѓународно признание. Многу фактори зборуваат во прилог на ваквата констатација. Македонија ги повлече своите претставници од Федерацијата,

одамна не ги уплатува царините и придонесите во сојузниот буџет, забранила упатување регрути во ЈНА. Претседателството на СФРЈ донесе одлука за привремено прелоцирање на ЈНА од Македонија и друго, Македонија презема и други мерки и донесе одлуки кои одат во прилог на осамостојувањето на Македонија од Југославија. Тие мерки се однесуваат и на прашањето на замена на динарот и воведување сопствена валута што инаку се навестува веќе подолго време. Заради спречување на настанување на економски штети и заштита на економските интереси на Србија и нејзиното стопанство, потребно е благовремено да се донесат одлуки и да се преземат мерки, и тоа: ...". Натаму се редат мерки коишто треба да се преземат против Македонија во монетарната сфера, платниот промет и во девизниот систем. Соочен со таквото барање, во кое тешко можеше да се негираат наведените аргументи, бидејќи беа општопознати, Советот на гувернерите го донесе споменатиот заклучок. На 6.3.1992 година, писмено го известив гувернерот на НБЈ дека добив писмо од Владата на Македонија, чиј текст во целина го цитирав, а од кој се гледа дека Владата на Република Македонија во наредните 1,5 до 2 месеца нема да презема никакви мерки на планот на монетарното осамостојување и воведувањето сопствени пари, а за подолг период тоа ќе зависи од многу околности. Исто така, презентирав писмо и од Собранието на Република Македонија со кое се потврдуваше дека во Собранието на Македонија не е во процедура никаков акт за монетарно осамостојување на Републиката. Слична изјава имаше и од Советот на Народната банка на Македонија.

На една од седниците во втората половина од март 1992 година беше разгледан одговорот на гувернерот на Народната банка на Македонија, на која на компромисен начин, со формирање две комисии коишто требаше да вршат одредени контроли, беше прифатен одговорот како позитивен. Наспроти сите тешкотии што ги имавме во Советот на гувернерите на НБЈ, до крајот на март 1992 година беа искористени сите 66,6 милиони долари врз основа на двете квоти. Обврските кон странство беа исплатени заклучно со 30.4.1992 година, а нафтената криза што сериозно ни се закануваше (сѐ уште немавме девизни резерви во долари за еден танкер нафта, ниту, пак имавме шанса тоа да го сториме на кредит од домашни или странски банки) беше одложена за месеците што следеа[3]. Овие девизи, во вкупен износ од 66,6 милиони долари, беа платени со средства што банките ги добија од примарната емисија на НБЈ по пат на

---

[3] Види „Поздравен говор на првиот гувернер на НБРМ", Борко Станоевски, одржан на 26.4.2012 година, по повод 20 години монетарна независност на Република Македонија".

селективни кредити или кредити за ликвидност. Имено, во тој период од три месеци банките од Македонија искористија 3.159 милиони динари, или 18% од вкупната емисија на Народната банка на Југославија (којашто тогаш беше составена од четири републики) емитувана во тој период. Ако некој прво ви даде пари и за тие пари ви дозволи да купите девизи, и тоа по официјален, многу потценет курс на девизите, а вие во исто време не исполнувате никаква обврска кон тој заеднички извор на пари и девизи, сета купувачка на девизи од НБЈ во тоа време можеше да се третира како подарок. Сепак, треба да се нагласи дека Македонија не беше исклучок. Слични политики водеа и другите републики и на ист начин користеа средства од примарна емисија и купуваа девизи од девизните резерви на НБЈ во чие претходно создавање учествуваа сите републики, поради што и имаа еднакво право за нивно користење. Меѓутоа, во април 1992 година сè повеќе факти зборуваа за цврстата определеност на Република Македонија за монетарно отцепување од тогашна Југославија и за пуштањето македонски пари во оптек наместо ју-динарите. Од тие причини, Народната банка на Југославија се одлучи да ги затвори вратите на девизниот пазар за банките од Македонија и да им го оневозможи пристапот кон средствата од примарната емисија. Со тоа, Народната банка на Југославија практично се прогласи за ненадлежна на територијата на Република Македонија, а нејзин единствен интерес остана да ги повлече динарите што беа во оптек во Република Македонија. За остварувањето на тој интерес на НБЈ беше формирана заедничка комисија којашто јас ја прифатив.

Така, во почетокот на април дефинитивно престана да постои единствениот и многу важен мотив за продолжено останување на Република во монетарниот и девизниот систем на тогашна Југославија. Во меѓувреме, од Република Македонија се повлече ЈНА којашто беше многу важен ограничувачки фактор за воведувањето македонски пари. Истовремено беа воспоставени гранични премини и царинска контрола и кон Република Србија, како една од многу битните претпоставки за воведувањето сопствени пари.

Во Југославија, стапката на инфлација од месец во месец беше сè повисока. Во април 1992 година таа достигна 86% на месечно ниво. Македонското стопанство, коешто имаше во извесна мера инфериорна положба во однос на останатото југословенско стопанство, во услови на хиперинфлација можеше да биде наполно опустошено. Покрај тоа, во Република Србија повеќе од 100 производи можеа да се купат само за девизи, во никој случај со безвредни југословенски динари. Тоа беа причините поради кои требаше да бегаме што е можно побргу од монетарната зона на Југославија. Во средината на април 1992

година, практично не постоеше веќе ни една причина поради која монетарното осамостојување на Република Македонија и пуштањето македонски пари во оптек треба да се одложува. Се чекаше само на довршувањето на првата антиинфлациона програма во Владата на Република Македонија и на утврдување на денот на монетарното осамостојување на Република Македонија и на пуштањето на првите македонски пари во оптек.

## IX.

На 26.4.1992 година, Собранието на Република Македонија ги донесе Законот за Народната банка на Македонија, Законот за парична единица на Република Македонија и Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија во скратена постапка.

Народната банка на Македонија беше конституирана во самостојна и емисиона банка. Во согласност со членот 100 од Законот за Народната банка на Македонија, до изборот на Советот на Народната банка, одлуките во надлежност на Советот ги донесуваше гувернерот на Народната банка на Република Македонија. Во согласност со таа одредба, ги донесов одлуките потребни за повлекување на југословенските динари во оптек, за пуштање во оптек на вредносните бонови коишто го добија името денар и со посебно упатство ги пропишав условите за времето и начинот на замената на динарот со денарот.

На 27.4.1992 година, започна замената на ју-динарите со денари и успешно заврши во предвидениот рок од три дена. Околу тоа како беше извршена замената има детаљни извештаи, а јас ќе се осврнам на две прашања коишто сигурно не се третирани во тие извештаи. Првото прашање е околу настанувањето на името (називот) на првите македонски пари. Тоа прашање остана неизвесно до неколку дена пред пуштањето на вредносните бонови во оптек, иако поединечни предлози за името на идната валута се јавија уште на почетокот на 1991 година, главно во јавните гласила. Така, уште на 24 јануари 1991 година, непознат автор во „Пулс" го промовираше името *пеон* за идните македонски пари, според името на еден исчезнат народ што живеел на овие простори - Пеоните. Во написот се шпекулираше дека оваа вест протекла од Народната банка, на која ѝ бил доверен проектот за изградба на сопствен монетарен систем. Малку подоцна истата година, печатницата „11 Октомври" во Прилеп отпечати прототип на македонски пари со назив *статер* - грчки назив под кои некои антички македонски владетели ковале монети. Меѓутоа, кога Словените дошле на Балканот, статери не се ковале во Македонија и не биле во активна употреба. Една од актуелните политички

партии на разни начини го сугерираше името *лав,* коешто исто така немаше историска основа и не беше сериозно прифатена. Во Народната банка на Македонија како што наближуваше денот на монетарното осамостојување, за идните македонски пари како работен назив се употребуваше името *македонски динар.*

Неколку дена непосредно пред седницата на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.4.1992 година, по телефон ми се јави тогашниот министер за финансии кој ме запозна со предлогот на академик Петар Хр. Илиевски, истакнат класичен филолог, којшто веднаш ми се стори како прифатлив. Имено, познатиот академик, врз основа на своите научни истражувања дошол до сознанието дека во времето на доаѓањето на Словените, Македонија била римска провинција и овде циркулирале римски пари. Основниот назив на римските пари бил denarius, од кој преку византискиот грчки е добиена и формата dinarmon (динар). Називот denarius продолжил да се употребува до денес на Балканот и Медитеранот во две форми: поретко денар и пораспространето динар. Од повеќе причини, академикот го предложи називот *денар*. За овој, по мое мислење, единствено прифатлив назив, веднаш ги информирав претседателот на државата и премиерот и бидејќи и тие се согласија, називот денар го вградивме во Законот за парична единица на Република Македонија. Подоцна, овој назив беше едногласно прифатен и во Собранието на Република Македонија[4].

Второто прашање е врзано за самиот чин на замената на југословенските динари со македонските денари. Самиот чин на замената е едноставна техничка операција. Меѓутоа, таа може да има застрашувачко тешки економски последици, особено ако се одвива во неизвесни услови во однос на обемот на парите во оптек што се повлекуваат и особено ако имате кревка граница со еден од соседите кај кого тие пари се официјално средство за плаќање. Вториот факт особено беше загрижувачки, бидејќи динарот во соседна Југославија секојдневно се обезвреднуваше, го имаше во огромни количини, а многу производи не можеа да се купат со него. Значи замената требаше да се изврши во многу неизвесни услови:

- прво, Народната банка на Македонија немаше ни приближно точен податок за тоа колкава количина динари имаше во оптек на подрачјето на Македонија, бидејќи Македонија беше единствената република во СФРЈ којашто не

[4] За називот *денар* повеќе може да се прочита во дневниот весник „Вечер“ од 1, 2 и 3 мај 1992 година.

требуваше готовина од НБЈ, туку до готовина доаѓаше со продажба на земјоделски производи на пазарите во Југославија. Се знаеше само дека во периодот од 26 до 31 декември 1991 година беа заменети старите со нови динарски банкноти во вредности од 7 милијарди динари. Но, периодот до 26.4.1992 година беше релативно многу долг за да може битно да се промени таа состојба. Денот на замената на динарот со денари ние го дочекавме со вредносни бонови - денари во вкупна вредност од 18 милијарди денари. Лично, не бев сигурен дека таа сума ќе ни биде доволна;

- второ, не беше познато која структура на граѓани или правни лица поседува најголеми износи на пари во готовина. Во тоа време, сивата економија и шверцот на девизи на црниот пазар беа многу развиени. Тие дејности можеа да ги извршуваат само граѓани кои поседуваа големи износи на готовина, но колкави беа тие износи и какво беше нивното потекло тешко можеше да се провери. Замената беше добра можност да им се „потсечат крилјата" на тие бизнисмени и готовината да се врати во регуларните текови на платниот промет или да се врати оттаму од каде што дошла, односно во другите подрачја на тогашната Југославија;

- трето, постоеше реална опасност од тоа многу граѓани на Југославија, особено од Република Србија и Автономна Покраина Косово, кои во услови на хиперинфлација и монетарен хаос располагаа со големи количини безвредни југословенски динари, чие натамошно обезвреднување се зголемуваше со секој изминат ден, да се обидат тие динари, преку свои роднини или пријатели, да ги заменат за многу посигурните македонски денари и подоцна да ги претворат во материјални добра на пазарите во Македонија или во странски валути. Истото сомнение се однесуваше и на безбројните претставништва на фирми од Југославија во Македонија, коишто покрај со готовината, можеа да манипулираат и со жирални пари;

- четврто, можеше да се очекува дека ќе бидат организирани одредени манипулации во врска со замената на динарите со денари и од државните структури на републиките коишто остануваа во составот на Југославија.

Имајќи ги предвид сите тие околности, меѓународните искуства и последните искуства од Словенија и Хрватска, денот на замената на југословенските динари со македонски денари го очекував неспокојно и со извесна доза на страв. Тоа беше моментот, како што изјавив пред пратениците во Собранието на Република Македонија, кога ќе го изведеме чинот „салто мортале" со две можни завршници: во случај на недоволно и лошо извршени подготовки, да паднеме на глава и да си ја скршиме главата или ако добро се подготвиме и се

организираме, да паднеме на нозе и да останеме живи и здрави, макар и со мали повреди коишто подоцна лесно можат да се лечат.

Затоа, на прашањето за замената на динарите со денари му пријдов со голема сериозност. Упатството за условите и начинот на замената го направив речиси сам. Во суштина, беа утврдени следниве критериуми: во замената може да учествува само државјанин на Република Македонија постар од 18 години што се докажува со лична карта, може да се заменат во готово максимално до 20 000 динари, секој поголем износ може да се уплати на штедна книшка или на тековна сметка што подоцна посебно ќе се контролира и, најпосле, рокот на замената ќе трае три дена. Во упатството беа пропишани многу други детали во врска со начинот и условите на замената на динарите со денари.

Неколку дена пред замената (2 или 3 дена, не се сеќавам точно) нацрт-законите и актите во врска со претстојната замена на динарите со денари беа предмет на разгледување на владината група за монетарниот систем. На тој состанок, претседателот на групата, угледен и почитуван академик, предложи лимитот за размена на готови пари да се покачи на 50 000 денари со образложение дека износот од 20 000 денари е едноставно мал и ќе значи непотребно малтретирање на граѓаните. Според нашите тогашни проценки, со 20 000 денари можеше да се покријат еднонеделни трошоци на четиричлено семејство што е сосема доволно. Се спротивставив на таквиот предлог укажувајќи на изнесените околности, потврдувајќи го мојот предлог и со примерите од Словенија и Хрватска. Имено, во Словенија замената траеше исто така три дена и со износ од 20 000 денари, а во Хрватска многу порестриктивно, размената заврши за два дена и со износ од 10 000 динари, иако се вршеше три месеци подоцна од Словенија. Во секој случај, групата го прифати предлогот на претседателот, а на крајот иако нерадо, се сложив и јас и на 27.4.1992 година во Упатството што го потпишав и го доставив до сите седишта на Службата за општествено книговодство, утврдив, во својство на Совет на Народната банка на Република Македонија, лимит за размена на динари во готово до 50 000 динари.

Меѓутоа, немирот и стравот што ги чувствував од неизвесноста за сумата динари што ќе биде заменета за денари кај мене беа сѐ поголеми. Првиот ден од размената го поминав посетувајќи ги седиштата на Службата на општествено книговодство во разговори со благајниците и во следење на извештаите од сите седишта на Службата за општествено книговодство. Некаде по полноќ дојдов до следниве сознанија: прво, во првиот ден од размената беа заменети значително повеќе динари за денари во споредба со нашите предвидувања; второ, во

најголем дел од Македонија граѓаните менуваат износи во просек до 10 000 динари, а во еден дел од Македонија масовно се јавуваат сите членови на семејствата постари од 18 години и менуваат максимално по 50 000 динари.

Ноќта спроти вториот ден на размената, во својство на Совет на Народната банка на Македонија којшто сè уште не беше именуван (согласно со членот 100 од Законот за НБРМ, одлуките од доменот на Советот ги донесуваше гувернерот, во чија надлежност беше и донесувањето на таа одлука), одлучив максимумот на можната замена на динари за денари да изнесува 20 000 динари. На 28.4.1992 година, до 9,00 часот, за тоа по факс беа известени сите седишта на Службата за општествено книговодство. За помалку од половина час исчезнаа редиците од пред шалтерите на Службата за општествено книговодство во регионите каде што пред тоа масовно се менуваа по 50 000 динари.

Во 10,00 часот истиот ден, практично упаднав во Кабинетот на премиерот на Владата и го известив што сторив и за причините поради кои го сторив тоа. Кратко ми одговори: „Добро, се надевам дека знаеш што правиш".

## X.

Многу автори во публикацијата „Создавањето на македонскиот денар - видувања и сеќавања" издадена во 2002 година, иако недоволно информирани, го коментираат времето пред замената на југословенските динари со македонски денари, како период кога во Македонија се влеале огромни количини на југословенски динари, со што на Македонија ѝ е нанесена голема материјална штета. Забележителен е и мојот страв од постоењето на количината на готови пари во оптек, но повеќе од друг аспект: дали ќе имаме доволно отпечатени вредносни бонови успешно да ја завршиме замената, бидејќи нашите сознанија за количината на готови пари во оптек се заснова врз претпоставки и проценки, а не врз познати бројки. Причини за страв постоеја. Познато е дека во услови на хиперинфлација (во април 1992 година имавме месечна стапка на инфлација од 86%) има многу повеќе готови пари во оптек, отколку што би имало во нормални услови. На пример, во услови на инфлација од 2% на годишно ниво. Македонија беше години наназад единствената република во Југославија којашто обезбедуваше готови пари во оптек продавајќи готови производи - особено земјоделски производи - во другите југословенски републики, особено во втората половина од годината, а Народната банка на Македонија беше единствената банка којашто, во текот на секоја година, повеќе враќаше отколку што требуваше готови пари од трезорот на НБЈ. Факт е дека Народната банка на Македонија беше

единствената централна банка во Југославија којашто немаше книговодствено евидентиран долг за подигнати готови пари од трезорот на НБЈ. Имено, редовно повеќе враќавме оштетени и излитени банкноти, отколку што требувавме нови банкноти.

Најпосле, видливо беше дека во условите на монетарен хаос и висока инфлација, подгреана со прекумерна емисија на примарни пари, се водеше невидлива финансиска војна на подрачјето на целата држава, за материјализирање на вишокот готови пари, во која беше вовлечена и Македонија. Таа финансиска војна особено се засили со монетарното осамостојување на Словенија, а подоцна и на Хрватска.

Свесни за ваквата состојба уште во средината на 1991 година, во соработка со Владата и надлежните министерства, организирано презедовме одбранбени мерки. Таков беше случајот со претворањето на вишокот ликвидни пари кај банките во стоковни резерви, откупот на девизи и слично.

Конечен одговор на прашањето дали во Македонија имаше многу готови пари во оптек, за кои некој купил девизи или материјални добра даде самиот чин на замената на југословенските динари со македонските пари. Кога завршија сите фази на размената, во трезорот на Народната банка на Република Македонија се собраа 23,8 милијарди динари. Според црниот курс на германската марка што се формираше на црниот девизен пазар во тоа време (јуни 1992 година) и којшто изнесуваше околу 650 денари за една германска марка, реалната вредност на тие готови пари во оптек изнесуваше околу 37 милиони германски марки. За споредба и оценка на големината на тој износ нека послужи податокот дека во текот на минатата година (2011 година) износот на готовите пари во оптек, во просек, беше околу 25 милиони евра, или околу 50 милиони германски марки.

Овие податоци се тешко споредливи најмалку поради две причини, првата е временската дистанца од 20 години, а втората, поради фактот што инфлацијата во времето на размената на ју-динарите со македонските денари изнесуваше 86% на месечно ниво, што само по себе повлекува поголем обем на готови пари во оптек, за разлика од инфлацијата во 2011 година од 2% на годишно ниво, што само по себе повлекува помал обем на готови пари во оптек. Сепак, може да се извлече заклучок дека преземените одбранбени мерки против напливот на обезвреднетите ју-динари во тоа време имаа извесен резултат и обемот на готовите пари во оптек (југословенските денари) во деновите на замената бил на релативно нормално ниво. Со тоа, теориите дека Македонија била преплавена и опустошена со безвредни југословенски динари може да се оценат како нереални.